Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт и врски**

**Број: 04-3026/20**
**Датум: 20.06.2023 година**

Врз основа на член 11 и член 52 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), Државниот секретар на Министерството за транспорт и врски донесе:

**О Д Л У К А**
**за избор на кандидат по Интерен оглас 01/2023 за унапредување на административни службеници во Министерството за транспорт и врски**

1. Кандидатот **Далаи Литовин**, по пат на интерен оглас број 01/2023 се избира за работно место **УПР 01 01 Б04 000 Раководител на одделение за комунални работи и инфраструктура** во Одделение за комунални работи и инфраструктура во Сектор за станбено – комунални работи и инфраструктура - 1 (еден) извршител.

2. Изборот е извршен врз основа на Финална ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат по интерен оглас број 01/2023 со број 04-3026/10 од 19.06.2023 година.

3. Именуваниот ќе биде унапреден на работното место од став 1 по конечноста на оваа Одлука.

4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основа на добиено Известување број 18-3399/2 од 17.03.2023 година и број 18-3399/4 од 23.05.2023 година од Министерството за финансии, Државниот секретар упати Барање со број 04-3026/1 од 29.05.2023 година за отпочнување на постапка за унапредување на 10 (десет) административни службеници во Министерството за транспорт и врски. На ден 01.06.2023 година беше објавен Интерен оглас број 01/2023 и Корекција на Интерен оглас број 01/2023 објавена на 06.06.2023 година за унапредување на 10 (десет) административни службеници во Министерството за транспорт и врски, објавен на веб страната на Министерството за транспорт и врски и на веб страната на Агенцијата за администрација.

Во функција на спроведување на постапката за унапредување на административни службеници, Комисијата за селекција за унапредување на административни службеници, формирана од страна на Државниот секретар со Решение со број 02-3026/7 од 08.06.2023 година, направи административна селекција на пријавените кандидати кои што ги исполнуваат условите предвидени согласно Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работни места во Министерството за транспорт и врски за што состави Записник од административната селекција за интерен оглас број 01/2023 за унапредување на административните службеници со 04-3026/8 од 16.06.2023 година.

Согласно Записникот од спроведување на интервју за унапредување на административен службеник на работно место од категорија Б со број 04-3026/10 од 19.06.2023 година, Комисијата изготви Финална ранг листа на интервјуиран кандидат и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат по Интерен оглас 01/2023.


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Плоштад Црвена Скопска Општина" бр. 4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497 www.mtc.gov.mk

Врз основа на ранг листа, Државниот секретар во Министерството за транспорт и врски донесе Одлука да се изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

По конечноста на оваа Одлука, ќе се донесе Решение за унапредување за именуваниот.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавувањето на Одлуката на веб страницата.

ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР
МИТКО ТРАЈЧУЛЕСКИ

Доставено до:
- Именуваниот;
- Одделение за управување со човечки ресурси;
- Архива.

Изработил: Билјана Мојсовска Милеска
Проверил: Анита Војновска Наумовска


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Плоштад Црвена Скопска Општина" бр. 4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk